ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА **ЕКО-СВЕСТ**
Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

Правила и услови за учество во награден натпревар "Кажи ни зошто јагленот ти смета"
(Tell us what is wrong with coal make a video'')

1. ***Општи одредби***

Со овие правила и општи услови се утврдува начинот на спроведување на наградниот натпревар „Кажи ни зошто јагленот ти смета" (во натамошниот текст: награден натпревар) со цел подигнување на јавната свест за влијанието на согорувањето фосилни горива врз локалното население.

Организатор на наградниот натпревар е Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест, бул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6 (во натамошниот текст: организатор).

Во него можат да учествуваат лица, кои се полнолетни (постари од 18 години) на денот на пријавување во наградниот натпревар и ги исполнуваат условите за учество во наградниот натпревар. Со исполнувањето на условите за учество во наградниот натпревар, сите учесници имаат исти можности за добивање награда.

2. ***Време на траење на награден натпревар***

Наградниот натпревар трае од 00:00 часот на 22.10.2019 година заклучно до 00:00 часот на 17.11.2019 година.

3. ***Учество во награден натпревар***

- Во наградниот натпревар можат да учествуваат поединци (физички лица) или тимови составени од најмногу 3 члена, жители на општина Битола, општина Новаци и општина Могила кои се полнолетни (постари од 18 години) на денот на пријавување за учество во наградниот натпревар.
- Секој учесник/ тим може да учествува во наградниот натпревар само во свое име и со учеството потврдува дека сите дадени лични податоци се само негови лични податоци и дека се согласува со овие правила и услови на наградниот натпревар.
- Услов за учество во наградниот натпревар е учесниците да бидат запознаени и да се согласуваат со сите правила на наградниот натпревар. Со учеството во наградниот натпревар се смета дека учесникот се согласил со сите услови и правила во врска со наградниот натпревар.
- Секој учесник во наградниот натпревар треба да го пополни краткиот прашалник.
- Учество во наградниот натпревар се прави со испраќање на кратко видео на helena@ekosvest.com.mk, најдоцна до 17.11.2019.
- Видеото не може да биде подолго од 90 секунди. Секое пријавено видео кое е подолго од 90 секунди нема да биде разгледувано.
- Видеото може да биде на македонски, албански или англиски јазик.
- Видеото кое што е на англиски или албански јазик мора да има и превод на македонски јазик.
- Видеа со навредлива содржина нема да бидат разгледувани (пцовки, вулгарни или навредливи зборови; елементи на агресивен национализам, ксенофобија и антисемитизам; религиозна, идеолошка, политичка пропаганда; расна,

Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

культурна, социјална, религиозна, етничка и секаков друг вид дискриминација; омраза и нетолерантност)
- Видеото може да биде во било каков формат (Анимација, документарно итн), видеото може да биде без дијалог, вербално или не вербално, во форма на скеч или останато.

4. Награден фонд на наградниот натпревар

Прво место- вредносен ваучер од 300 евра.
Второ место- вредносен ваучер од 200 евра.
Трето место- вредносен ваучер од 150 евра.

Покрај наградата за трите најдобро рангирани видеа, сопственикот на прво рангираното видео ќе има можност да соработува со Европската мрежа за напуштање на јагленот како енергенс (Europe Beyond Coal campaign secretariat) и Еко-свест во изработката на професионална новинарска сторија која ќе биде промовирана во глобална кампања против согорување на јаглен.

*Ваучерите можат да се искористат во одредена продавница во Битола за купување на велосипед или електричен тротинет.

5. Избор на победникот

Главен критериум за избор ќе биде креативноста, оригиналноста и релевантноста на содржината на видеото. Може да има најмногу тројца (3) добитници.

Изборот на добитници на наградниот натпревар ќе се врши на 22.11.2019 година, а добитниците ќе бидат објавени најдоцна до 21.11.2019.

При изборот ќе биде присутно жири од 3 члена составено од: 2 претставници на Организаторот и 1 претставник на Европската мрежа за напуштање на јагленот како енергенс. После изборот на добитниците, комисијата ќе состави и потпише записник за текот на изборот. Изборот на добитниците завршува кога врз основа на погоре наведените критериуми комисијата ќе избере три (3) добитници.

Резултатите од изборот на комисијата се конечни. Евентуални прашања и приговори поврзани со спроведување на наградниот натпревар се доставуваат до Организаторот. Доколку добитниците имаат наведено непотполни податоци/неточни податоци или/и доколку не е можно да бидат известени и/или се утврди дека не ги исполнуваат сите услови за учество во наградниот натпревара и/или ги прекршија тие услови и/или доколку не сакаат да ги извршат обврските во согласност со овие услови,

Организаторот го задржува правото да не ја додели наградата ако:
- добитникот не ги исполнува условите за преземање на наградата,
- се појави сомневање за веродостојноста на податоците,
- добитникот не дал свои вистински податоци,
- добитникот во рок од 7 дена од добивањето на известувањето не одговорил на електронската порака со која го известуваме за преземањето на наградата,
- се утврди дека учесникот во наградниот натпревар учествувал спротивно на правилата на наградниот натпревар,
- во други случаи, кога доделувањето на наградата не би била можна или законска.

Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

6. Известување на добитниците

Во рок од пет (5) дена од изборот, добитникот ќе биде известен за добивање на наградата по емаил. Ако добитникот во рок од пет (5) дена не одговори на примената порака, се смета дека добитникот на наградата не сака да ја прими. Добитникот е должен при преземањето на наградата да се идентификува. Доколку биде потребно, пред преземањето на наградата добитникот може да биде должен да даде и други лични податоци за доделување на наградата (презиме, телефон итн.)

Со учеството во наградниот натпревар, сите учесници во наградниот натпревар изречно се согласуваат со објавувањето на нивните лични податоци (име, презиме) на социјалните мрежи и официјалната веб страна на Еко-свест.

7. Одговорност на организаторот

Организаторот на наградниот натпревар го задржува правото за дополнување и менување на овие услови и се обврзува при секоја нивна промена или дополнување да ги објави на веб-страницата дополнетите услови.
Организаторот не презема никаква одговорност за:

- за било какви инциденти или штети кои би настанале поради користење (употреба и/или уживање) на доделените награди, со што добитниците изречно се согласуваат и прифаќаат;
- организаторот не презема никаква одговорност за случај на неправилно функционирање на Интернетот или (не)функционирање на електронската пошта, телефонските линии или други уреди кои овозможуваат изведување на овој натпревар. Исто така, организаторот не е одговорен ако еден или повеќе учесници не може да пристапи до веб-страницата или да учествува во натпреварот од кои било причини или технички дефекти поврзани со работењето на мрежата.
- организаторот не презема одговорност за заразување на компјутерите со вируси или за упад на трето лице во компјутер на учесниците и за последиците од поврзувањето на учесниците во мрежата преку веб-станицата. Организаторот не е одговорен за каква било штета, направена кај учесникот, неговата компјутерска опрема, паметен телефон или податоците зачувани на тие уреди, како и за личните и професионалните последици кои можат да произлезат од тоа за учесниците.
- Организаторот се обврзува да ги употреби сите средства, заедно со давателите на услугите, за да биде системот за избор на добитниците и доделувањето на наградите во согласност со правилата на наградниот натпревар.
- Во вонреден случај на предвремено прекинување на наградниот натпревар од причини кои од не зависат од него (виша сила, итн.), организаторот го задржува правото да ги додели наградите меѓу оние кои учествуваат во наградниот натпревар до моментот на прекинување или да го заврши односно прекине наградниот натпревар без какви било обврски кон учесниците. За тоа мора преку медиумите да ги извести учесниците. Во наведените случаи, организаторот не одговара за евентуална настаната штета.

8. Заштита на личните податоци

Сите лични податоци се заштитени во согласност со позитивните прописи кои се однесуваат на заштита на личните податоци (вклучително и фотографии на кои е објавен лик на учесникот) и Организаторот има право истите да ги обработува,

Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

репродуцира, дистрибуира и јавно објавува и/или употребува на каков било друг начин материјалите со ликот на учесникот.

Учесниците во наградниот натпревар изречно се согласуваат дека Организаторот може ги користи нивните лични податоци, што ги даваат во рамките на учеството во наградниот натпревар, за потребите на спроведување на овој награден натпревар.

9. Достапност на правилата на наградниот натпревар

Правилата на наградниот натпревар се објавени на официјалната веб страна на Еко-свест (www.ekosvest.com.mk).

10. Останати одредби

Организаторот го задржува правото за промена на овие Правила, запирање на наградниот натпревар или целосно прекинување на наградниот натпревар, ако е тоа потребно од правни, технички или комерцијални причини. Организаторот ќе ги извести учесниците за сите можни промени со објавување на официјалната веб страна на Еко-свест (www.ekosvest.com.mk).